НАЦИОНАЛНА ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИ

# ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ПРЕД КЛИМАТСКИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ – ДА ДЕЈСТВУВАМЕ ЗА ОДРЖЛИВА ИДНИНА!

## Ситуацијата е алармантна!

Климатските промени сериозно го загрозуваат земјоделството и сточарството, со што директно влијаат на производството на храна, а без нea, нашиот опстанок е доведен во прашање.

### Клучни препораки:

- Поставување на прилагодувањето на земјоделството кон климатските промени повисоко во националната развојна агенда.
- Подготовка на национален план за прилагодување на климатските промени со особен фокус во земјоделството.
- Обезбедување на финансии од државниот буџет за поддршка на земјоделците во спроведувањето на мерки за прилагодување.
- Зајакната соработка помеѓу националните институции, локалните самоуправи, земјоделците, здруженијата на граѓани и академијата.
- Зајакнување на капацитетите и нивото на информираност на земјоделците за воведување на мерки за прилагодување.
- Рехабилитација и одржување на системите за наводнување.
- Градење инклузивна инфраструктура во руралните средини.
- Формирање на интерсекторска работна група за климатски промени во рамките на МЗШВ.

Овие препораки произлегуваат од „Земјоделскиот форум за климатски промени“, организиран од Националната федерација на фармери (НФФ) со поддршка од Шведска и организацијата We Effect. На форумот беа презентирани анализи, релевантни статистики и дискусии за влијанието на климатските промени врз земјоделството и руралните заедници во Северна Македонија.

## За одржливо земјоделство – заедно против климатските предизвици!

### Главни предизвици:

- Климатските промени ги влошуваат условите за земјоделско производство.
- Намалени приноси поради зголемени температури, изменети врнежи и недостиг на вода.

### Политики и мерки:

- Усогласени политики од Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) и Министерството за земјоделство и просторно планирање (МЗШВ) за ублажување на климатските промени.
- Агро-еколошки мерки за поддршка на земјоделците кои се соочуваат со трошоци и загуби.

### Проблеми со имплементација:

- Слабост во спроведувањето на мерките.
- Потребна структура во МЗШВ која ќе го управува развојот и примената на политиките за климатски промени.

### Улогата на земјоделците:

- Земјоделците треба да бидат носители на активностите за прилагодување и ублажување.
- Неопходна е соодветна поддршка за нивната улога.

## Одржливи системи за наводнување – за продуктивно земјоделство!

### Состојба со системите за наводнување

- **Проблеми со искористување:**
  - » Од вкупно 135,912 хектари земјоделско земјиште под наводнување, само 25,000 хектари реално се наводнуваат.
  - » Над 66,000 хектари, кои можат да се рехабилитираат, не се користат.
  - » Околу 45,000 хектари, иако изградени, не се функционални за наводнување.
- **Причини за неефикасност:**
  - » Лоша состојба на инфраструктурата.
  - » Недоволна институционална координација.
  - » Недостаток на современа опрема и технологија.

### Препораки за подобрување

**Клучен чекор напред:**

**Изработка и имплементација на Национална стратегија за наводнување и одводнување** – документ што ќе биде темел за ефикасно и рационално управување со водните ресурси во земјоделството.

**Рехабилитација и модернизација на системите**

- Рехабилитација на постојните и изградба на нови, ефикасни системи, со фокус на мали системи.
- Инвестирање во инвентаризација на објекти и опрема и интегрирање на дигитални системи (LPIS, SCADA).
- Зголемување на јавната свест за значењето на рационалното користење на водата.

**Едукација и поддршка за земјоделците**

- Обезбедување опрема за оптимизирање на користењето на водата.
- Обуки за рационално и ефикасно користење на водните ресурси.
- Примена на волуметриска испорака и наплата за наводнување.

### Зошто е ова важно?

>> Поголема искористеност на наводнуваните површини ќе ја зголеми продуктивноста и конкурентноста на македонското земјоделство.

>> Рационалното користење на водните ресурси ќе обезбеди одржливост на земјоделството и заштита на животната средина.

>> Подобрената институционална координација ќе овозможи побрза и поефикасна имплементација на мерките.

| | Сценарио со мали промени - RCP 2,6 | Сценарио со средни промени - RCP 4,5 | Сценарио со големи промени - RCP 8,5 |
|---|---|---|---|
| Промени на температурата до крајот на векот | 1,5 °C | 2,5 °C | 5,0 °C |
| Промени во годишната сума на врнежи до крајот на векот | незначително намалување | -20 % | -30 % |
| Промени во сума на врнежи во летниот период до крајот на векот | нема | -30 % | -40 % |

**Извор:** Анализа за влијанието на климатските промени врз земјоделството во Северна Македонија и препораки за политики за ублажување и адаптација на земјоделството врз климатските промени.

Проф. д-р Ордан Чукалиев, Факултет за земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Sweden Sverige

WE EFFECT

Инфографикот е финансиран од Шведска преку Шведската организација за развој We Effect.
Шведска и We Effect нужно не ги делат ставовите изразени во овој материјал.
Авторите на инфографикот се одговорни за содржината